Република Северна Македонија

**Инспекциски совет**

Арх. број: 03-417/3

Датум: 06. 04. 2023

До

**Предмет: Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер**

Почитуван г-дин Идризи,

Ве известуваме дека со внимание го разгледавме Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер и истото е прифатено со Решение за прифаќање на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, наш бр. 03-417/2 од 06.04.2023 година, чиј прилог е и овој Одговор.

Имено, Вие барате да Ви се достави во форма на електронски запис на Вашата е-адреса: следната информација:

- Сите списи во предметот УПП16-36 од 2023 година. Да ми се достават сите документи кои се поврзани со овој предмет, односно коресподенцијата со другите институции, доставените документи и списи од другите институции, записникот од состаноците во врска со овој предмет итн.

Со оглед на побараното од Ваша страна, во прилог Ви доставуваме:

- Барање на податоци за постапување, број УПП 16-36/2023 од 07.02.2023 година и

- Дел од Записникот од триста и втората редовна седница на Инспекцискиот совет, одржана на 24.03.2023 година, којшто се однесува на содржината на расправата и усвоениот заклучок по точка 22 од утврдениот дневен ред за истата седница, којашто е предмет на Ваш интерес, а којашто гласи: „Информација за постапување по претставка УПП 16-36 од 27.01.2023 година – Област 6 - Управа";

Инспекцискиот совет и понатаму Ви стои на располагање за сите останати информации од јавен карактер со коишто располага и коишто ги создал во текот на своето работење.

Искрено,

м-р Сашо Мержаноски,
Генерален секретар на Инспекциски совет

Подготвил: Маја Срезоска, раководител на Сектор